*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр. 05-3097/1*
19. 06. 2019 *2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05.2019 година како и согласно измената со број број 01-2531/2 од 08.06.2019г., **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *ОДЛУКА*
### *за јавна набавка на стоки*

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на стоки и тоа: Набавка на печати за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија на Министерството за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка е стоки: Набавка на стока печати за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија на Министерството за правда*

*2. Предметот на набавка **е неделив.***
*Поради природата на предметот и целисходнаста на постапката предметот на набавката е неделив.*

*3. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 400.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ 18% во вредност од 72.000,00 денари или вкупната вредност со вклучен ДДВ изнесува 472.000,00 денари*
*4. Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10, Ставка 423, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019 година.*

*3. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка*
*Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **набавка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно* ***член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*
6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*
7. *За спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*
   1. *Петар Мирковиќ-* ***претседател на комисија за јавни набавки***
   2. *Емилија Јанкуловска–****член на комисија за јавни набавки***
   3. *Јетон Халили–* ***член на комисија за јавни набавки***
   4. *Никола Бабановски* ***заменик претседател на комисија за јавни набавки***
   5. *Насер Ќамили –* ***заменик член на комисија за јавни набавки***
   6. *Маја Ѓокиќ –* ***заменик член на комисија за јавни набавки***
8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од* ***член 79*** *од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*
10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

*Со промената на уставното име на државата се создаде потреба од промена на печатите кои се користат од страна на Министерството за правда и подрачните одделнија за што беше направена измена на Годишниот план број 01-2531/2 од 08.06.2019г. со цел спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки - печати за потребите на Министерство за правда и подрачните одделенија. Предмет на набавка е стока - печати за потребите на Министерство за правда и подрачните одделенија и истата е неделива поради природата и спецификчноста на предметот на набавката*

*Согласно на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот на истата*

*Доставено до:*

*- Комисија за јавни набавки*

*- Сектор за финансиски прашања*

***МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА***

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*
*Лице за превземање на финасиски обврски: Радица Лазареска Геровска*